РЕГУЛАТОРНА КОМИСИЈА ЗА ЕНЕРГЕТИКА
НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# СООПШТЕНИЕ

По повод известувањата во одредени медиуми во однос на цената на електрична енергија во Република Македонија, а според кои е единствено пониска од цената на електрична енергија во Република Албанија, Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија информира:

1. Податоците за цените кои ги објавил албанскиот регулатор од областа на енергетиката се превземени од базата на податоци на ERRA (Energy Regulators Regional Association, www.erranet.org), при што во самите услови на користењето на оваа база на податоци е наведено дека ERRA не ја гарантира точноста на податоците, поради што препорачува да се верификуваат овие податоци и со институции од државите на кои што се однесуваат.

2. Со анализата не се опфатени и останатите земји во регионот како што се: Бугарија, Хрватска, Романија, Турција и сл, иако во оваа организација членуваат овие земји и податоците за нив се достапни од истиот извор.

3. Цените на електрична енергија на земјите кои се споменуваат во анализата не се споредливи бидејќи не постои соодветна методологија за начинот на нивна обработка, имајќи во предвид дека во секоја земја од регионот постојат различни услови, како што се категоризација на потрошувачи и степен на либерализација на слободниот пазар.

4. Презентираните цени во анализата се однесуваат на вториот квартал од 2011 година, а не годишните цени за 2011 година, при што не е земен во предвид фактот дека во одредени земји постојат и сезонски цени (зимска и летна).

5. Во однос на цената на електрична енергија за домаќинствата во Република Македонија укажуваме дека истата е најниска споредено со останатите земји во регионот.

Оттука, пренесените информации се нецелосни и единствено може да наведат на погрешни заклучоци кои што во целост ја искривуваат реалната состојба.

Скопје,
23.01.2012 година

**Регулаторна комисија за енергетика**
**на Република Македонија**

Ул. Димитрие Чуповски бр. 2, 4ти спрат • 1000 Скопје, Република Македонија
Централа 02 3233-580 • Факс: 02 3233-586 • www.erc.org.mk • e-mail: erc@erc.org.mk